УДК 821.163.3-5

**Катерина Велјановска**

Почитувани гости, драги колешки и колеги, драги дипломирани и сегашни студенти,

По повод нашиот голем јубилеј, 75 години од основањето на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, подготвивме брошура во која се обидовме накусо, на 150 страници да ги претставиме развојот и дејноста на Катедрата и да ги изложиме кратките биографии и селектираните библиографии на сите членови (вкупно 41) од нејзиното основање до денес. Кога пристапивме кон реализација на ова издание, појдовме од идејата да оставиме запишана трага за следните генерации, со намера да не се заборават активностите на оние што работеле и на оние што сè уште работат на Катедрата. За реализација на ова издание заслужни се сите вработени од нејзиниот активен состав.

Сметам дека токму сега и токму овде е вистинскиот момент да ги споменеме имињата на сите вработени, хронолошки, според нивното доаѓање на Катедрата.

Првата генерација, воедно и основачи на нашата Катедра се Блаже Конески (повеќегодишен нејзин шеф и патрон на нашиот факултет), Крум Тошев и Васо Томановиќ. Од првата дипломирана генерација на групата македонски јазик на Катедрата од 1949 г. останувaат професорите Радмила Угринова-Скаловска и Божидар Видоески, а во учебната 1958/59 г. составот на Катедрата се проширува со уште шестмина новопработени: Оливера Јашар-Настева, Александар Џукески, Милка Проданова, Вида Павловска, Бистрица Миркуловска и Ружа Паноска. Во 1970 г. како нови членови се примени Стојка Бојковска и Мито Миовски, а подоцна и Живко Цветковски.

Со новите наставни планови од 1977 година, со воведувањето на еднопредметната студиска група и со нови предмети, особено од областа на современиот македонски јазик, на Катедрата доаѓаат Лилјана Минова-Ѓуркова, Кирил Конески, Људмил Спасов и Илија Чашуле. Во 1981

односно 1982 година се примени Димитар Пандев, Емилија Црвенковска и Југослава Арсовиќ.

Катедрата евидентно се подмладува во периодот од 1984 до 1991 година, кога се примени Катерина Велјановска, Станислав Станковиќ, Томислав Треневски, Гордана Алексова, Нина Димитрова, Елена Петроска, Славица Велева, Анета Дучевска, Татјана Гочкова, Лидија Аризанковска и Ненад Вујадиновиќ.

Во периодот што следи, од 1995 до 1997 година, на членството им се придружуваат и Марјан Марковиќ, Симон Саздов, Искра Пановска-Димкова и Станислава-Сташа Тофоска. По подолга пуза, во 2003 година, примена е Марија Паунова. Следи повторно подолга пауза и во 2018 година на Катедрата доаѓаат Бобан Карапејовски и Бојан Петревски. Денес, во својот активен состав Катедрата има 16 вработени. Фактот дека најголем дел од вработените се од редот на редовните професори и други наставнички звања, и немањето ниту еден асистент, укажува на насушната потреба за подмладување на Катедрата и за поголем слух за решавање на ова прашање кај одговорните министерства при Владата на РСМ.

Во оформувањето и дејноста на Катедрата значаен удел имаа и имаат студентите. Без нивното присуство и нивниот интерес за проучување на македонскиот јазик, Катедрата немаше да има и ваков плоден развој. Затоа сме им благодарни на сите што одбраа да го студираат македонскиот јазик. На поголем број од дипломираните студенти тој им стана и животна професија, со вработувањата како наставници во основните и средните училишта или како лектори.

На членовите на Катедрата, како и на сите присутни и на оние што не успеаја да дојдат, им посакувам многу успеси и во иднина во грижата и негувањето на македонскиот јазик. Исто така, ви посакувам и многу здравје.

Ви благодарам за вниманието!